Врз основа на член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од облатса на животната средина ( Сл/ Весник на РМ бр. 147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

**О Д Л У К А**

**За организирање на јавна расправа по Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локална депонија за одлагање на неопасен отпад – депонија за комунален отпад во Општина Кочани

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна расправа по **Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локална депонија за одлагање на неопасен отпад – депонија за комунален отпад во Општина Кочани.

**Член 2**

Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локална депонија за одлагање на неопасен отпад – депонија за комунален отпад во Општина Кочани е изработен од експерт за стратегиска оцена на животната средија, м-р Габриела Дуданова Лазаревска.

**Член 3**

Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локална депонија за одлагање на неопасен отпад – депонија за комунален отпад во Општина Кочани, е ставен на јавен увид на веб страната на Општина Кочани www.kocani.gov.mk, во период од 30 дена, до 31.08.2025г, во кој рок засегнатата јавност може да доставува забелешки, мислења и предлози по електронски пат на info@kocani.gov.mk, по пошта или преку архивата на Општина Кочани.

**Член 4**

Јавната расправа ќе се одржи на ден 18.08.2025, со почеток во 09:30 часот во салата на Советот на Општина Кочани.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Ружица Минова

Одобрил: Дивна Цековска

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**в.д Градоначалник**
**Венко Крстевски**

**Бр.22-103/13**
**31.07.2025 год.**
**Кочани**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ